Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 02-528/1
26.10. 2020 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), член 38 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 448/2019) и член 17 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, Деканот на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје

### Член 1
Се распишуваат избори за претседател и 11 (единаесет) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

### Член 2
Изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 27.11.2020 година.

### Член 3
Се именуваат двајца претставници од редот на наставниците за членови на изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје:

1. Вонр. проф. д-р Александар Димитријевски, наставник,
2. Доц. м-р Сара Пројковска Николовска, наставник.

Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, избира три членови од редот на студентите во Комисијата за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

### Член 4
Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка;
- избира избирачки поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, за спроведување на изборите по години на студии;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за претседател и членови на Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот,

односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл. Одлуката од комисијата е конечна;

- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: Упатството).

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 5**

Изборната комисија, изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ќе ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 6**

Право да избираат и да бидат избрани за претседател и членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2020/2021 година.

За избран претседател и членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кој/и добил/е најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на веб-страницата на факултетот и да се достави поединечно до сите студенти на нивните маил адреси.

Декан,
проф. м-р Живко Фирфов